# Со докапитализација Тобако ќе ја шири продажната мрежа

## Со парите од емисијата на 200.000 акции по минимална цена од 617 денари Тобако планира да инвестира во продажната мрежа и во оптимизација на структурата на капиталот

**Ива Балчева**

Проширување на малопродажната мрежа, зголемување на приходите од услуги и вложување во маркетинг-активности се главните цели на планот за развој на Тобако, кои компанијата планира да ги реализира со парите од најавената докапитализација. Комисијата за хартии од вредност на Тобако му одобри емисија на акции по пат на јавна понуда. Предмет на понудата се 200.000 обични акции со минимална цена од 617 денари по акција.

„Реализацијата на планот за развој ќе се заснова на остварување на клучните фактори за успех преку искористување на конкурентските предности. Средствата од јавната понуда ќе бидат насочени кон инвестиции во продажната мрежа и кон оптимизација на структурата на капиталот во согласност со бизнис-планот. Намената на средствата е распределена така да обезбеди добар поврат на инвестиција на акционерите", изјави Бојан Богоев, директор за внатрешна ревизија во Тобако.

Одлуката за докапитализација е донесена уште во 2009 година и е поддршка на планот за проширување на продажната мрежа. Од компанијата велат дека во изминатите две години менаџментот напорно работел на преструктурирање и подготовка за новата емисија на акции. Во Тобако се оптимисти и сметаат дека лошата состојба на пазарот на капитал нема да влијае директно на јавната понуда затоа што компанијата имала реален бизнис-план и веќе добро изградена позиција на пазарот. Менаџментот на Тобако верува дека инвестирањето во услови на криза е од стратешка важност за успехот на компанијата на долг рок.

Тобако потпиша договор за застапување во постапка за запишување на јавно понудени хартии од вредност преку овластена берза со НЛБ Тутунска банка. „Проспектот за емисијата го подготвивме сами. Во текот на преструктурирањето соработувавме со PricewaterhouseCoopers, ЕБРД, УСАИД и ИФЦ, кои помогнаа во поставување современа структура на корпоративно управување и систем на управување со ризиците што би придонело за поголема вредност на идните акционери. Соработувавме и со неколку организации, како НЛБ Тутунска Брокер и Грант тортон", вели Богоев.



Прва емисија на акции на Тобако

Во Тобако веруваат дека понудената цена е прифатлива и дека оваа емисија ќе успее и ќе ја разбуди Македонската берза. „Минималната цена по која ќе се понудат акциите е еднаква на номиналната. Решивме за евентуалната премија да одлучи пазарот. Одбравме модел во кој запишувањето на јавно понудените акции преку берза ќе се одвива со давање приоритет на налози со повисока цена, поголема количина и порано време на внес на налог, при што запишувањето ќе заврши кога сите понудени акции ќе бидат запишани. На тој начин инвеститорите ќе можат да наддаваат во текот на запишувањето", објаснува Богоев.

За јавна понуда на акции се одлучиле за нивните редовни купувачи да станат и нивни акционери.

„Како компанија сме отворени, иновативни и енергични, па така и пристапуваме кон овој проект", истакна Богоев.